ОРЦЕ НИКОЛОВ
Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА

| | |
|---|---|
| Датум: | 05.05.2020 година |
| Тема: | **Минатото,сегашноста,иднината-Патуваме,патуваме...** |

**Возрасна група: 4-6 години**

| | |
|---|---|
| Стандард: | - Детето демонстрира интерес за учество во разни форми на визуелна креативност;<br>- Детето демонстрира способност за учество во музичка активност;<br>- Детето може да го збогати својот речник и и да покаже напредок во правилниот говор; |
| Цел на активноста: | - Да се оспособува за творештво при набљудување, користење, комбинирање и истражување со различни ликовни и неликовни творечки материјали.<br>- Да се поттикне кон самостојно пеење, пеење во група, во хор и во пар.<br>- Да се мотивира да го вежба помнењето преку изразно рецитирање на стихотворба. |
| Активност | **„Го сакам мојот велоспипед"** |
| Опис на активноста | Возењето велосипед е здраво. Секогаш кога сте во можност возете велосипед. Користете го убавото време и уживајте заедно во возењето.<br>Започнете го разговорот со детето за видови сообраќајни средства кои ги познава. Помогнете му во набројувањето: автомобил, авион, автобус, воз, брод, велосипед...<br>Проширете ги детските знаења на детето за велосипедот. Низ серија на слики дадени подоле прочитајте им го текстот на сликите како да читате сликовница и разговарајте за содржината. Детето нека ги усвои знаењата, повторете заедно, а потоа и детето само гледајќи ги сликите.<br>Изработете со детето сообраќајни знаци:<br>„Велосипедска патека" и Забрана за велосипеди"<br><br>Од разновиден природен материјал детето нека направи велосипед по свој избор. Додека детето твори, пуштете му ја песничката „Мојот велосипед"<br>Со детето заедно, стих по стих научете ја стихотворбата:<br><br>***<u>Возам,возам велосипед-</u>***<br>Имам еден другар<br>најверен на свет,<br>мојот велосипед |

<table>
<tr><td></td><td>црвен како цвет.<br><br>Мојот пак е зелен<br>како трева мека,<br>брзам да го возам<br>не можам да чекам.<br><br>Со него се возам<br>педалите ги вртам,<br>песничка си пеам<br>весело се смеам.</td></tr>
<tr><td>Потребни материјали</td><td>вистински велосипед, серија на слики, стихотворба, песничка „Мојот велосипед“, разновиден природен материјал за изработки на интересни велосипеди од хартија, картон, цевки,сламки и сл</td></tr>
<tr><td>Прикачување на слика, линк, или видео</td><td>
















</td></tr>
</table>


СЕКОГАШ ИНФОРМИРАЈ ГИ РОДИТЕЛИТЕ КАДЕ ЌЕ ВОЗИШ СО ТВОЈОТ ВЕЛОСИПЕД


ВОЗИ СЕКОГАШ СО ТВОИТЕ ДРУГАРИ


ПОЧИТУВАЈ ГИ ПАТЕКИТЕ ПО КОИ ТРЕБА ДА ВОЗИШ


ОДБЕРИ ВЕЛОСИПЕД КОЈ ОДГОВАРА НА ТВОЈАТА ВИСИНА


ДЕЛОВИ НА ВЕЛОСИПЕД
светло
звоно
РАМ
седло
РАМ
жици
гума
РАМ
РАМ


НОСИ ГО РЕДОВНО НА МАЈСТОР ТВОЈОТ ВЕЛОСИПЕД !













Линк за песничка Мојот велосипед
https://www.youtube.com/watch?v=HjR9F-ySff8

**Возрасна група: 3-4 години**

| | |
|---|---|
| Стандард: | - Детето покажува истрајност во превземените активности;<br>- Детето демонстрира способност да истражува и открива нови работи;<br>- Детето стекнува информации за средината преку набљудување и манипулација; |
| Цел на активноста: | - Да се оспособува за користење на различни играчки,предмети и средства во изразување на сопствените идеи.<br>- Да се развиваат способности за самостојно реализирање на едноставни истражувачки активности и на набљудување и откривање..<br>- Да се создаваат основни претстави од областа на сообраќајната култура |
| Активност | **„Велосипеди разни, сообраќајни знаци важни"** |
| Опис на активноста | Возењето велосипед е здраво.Секогаш кога сте во можност возете велосипед. Користете го убавото време и уживајте заедно во возењето.<br>Со детето заедно ја разгледувате сликовницата како вовед во активноста. Разговарајте со него и усвојувајте ги заедно новите содржини. Сликите на сликовницата се дадени во делот погоре (возраст 4-6 години)<br>Запознаете го детето со сообраќајните знаци за велосипедисти. Самостојно или заедно со него изработете ги знаците. Детето нека ги нацрта сам и обои.<br>Детето нека направи велосипед по идеа на сликите подолу.<br>Играјте заедно и уживајте.<br>Додека детето твори, пуштете му ја песничката "Мојот велосипед" |
| Потребни материјали | велосоипед вистински, сликовница по серија слики, хамер, боици, разновиден потребен материјал за изработка на велосипед по пример на дадените слики (види подоле) |
| Прикачување на слика, линк, или видео |  |















Линк за песничка Мојот велосипед
[https://www.youtube.com/watch?v=HjR9F-ySff8](https://www.youtube.com/watch?v=HjR9F-ySff8)

**Возрасна група: 2-3 години**

| Стандард: | - Детето може да слуша и разбира говорен јазик;<br>- Детето демонстрира интерес за учество во разни форми на визуелна креативност; |
|---|---|
| Цел на активноста: | - Да се поттикнува детето кон запознавање и разгледување на разни сликовници и илустрации.<br>- Да се поттикне интересот на детето кон цртањето и обликување на разни едноставни форми. |
| Активност | **„Круг, триаголник, права и коса линија = Велосипед”** |
| Опис на активноста | Возењето велосипед е здраво. Секогаш кога сте во можност возете велосипед. Користете го убавото време и уживајте заедно во возењето.<br>Разговарајте за видовите превозни средства. Доколку имате енциклопедија на тема сообраќај, заедно разгледајте ја, прочитајте му интересни нешта за велосипедот. Можете и да му раскажете интересно доживување: како сте научиле да возите, кој ве научил, како изгледал вашиот велосипед, колку сте се радувале ...<br>Детето нека нацрта велосипед. Оставете го само да нацрта, а потоа приклучете му се во цртањето и покажете му како со помош на геометриски форми може најлесно да се нацрта. По свој избор нека го обои цртежот со боички.<br>Нека се обиде со ваша помош или самостојно да изработи велосипед како на сликите подолу. |
| Потребни материјали | велосипед вистински, енциклопедии, сликовници на тема Сообраќај и велосипедот како превозно средство, хамер, боички, разновиден материјал за изработка на велосипед по пример на сликите подоле. |
| Прикачување на слика, линк, или видео |  |









Линк за песничка Мојот велосипед
https://www.youtube.com/watch?v=HjR9F-ySff8

**Возрасна група: 0-2 години**

| | |
|---|---|
| Стандард: | - Детето може да ја одржува рамнотежата на телото; |
| Активност | **„Брз мал велосипед ”** |
| Опис на активноста | На оваа возраст со детето можете дома да вежбате гимнастика.<br>Ајде да возиме велосипед со нозете !<br>Покажете му ја на детето вежбата и заедно вежбајте.Музиката во позадина е задолжителна, весела ,певлива и пријатна за слушање. Изборот е ваш. |
| Потребни материјали | рамна површина, душек ,музика по избор |
| Прикачување на слика, линк, или видео | <br> |